Општинска јавна установа за деца- Детска градинка

"Димче Мирчев" – Велес

СТАТУТ

Јули, 2014 год.

Република Македонија
Општинска јавна установа за деца
„Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"
Бр. 02-3482
01.08 2014 год.
Велес

Врз основа на член 32 од Законот за установите (Сл. Весник на РМ бр.32/05), член 116 од Законот за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр. 23/13, 12/14), Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев"- Велесна ден 30.07.2014 год. донесе:

СТАТУТ

I. Основни одредби

Член 1

Со овој Статут на Општинската јавната установа за деца-Детска градинка "Димче Мирчев"- Велес (во понатамошниот текст: Детска градинка) се уредува: организацијата и начинот на вршење на дејноста, називот, седиштето, управувањето, раководењето, контролата, правата и обврските на корисниците на јавните услуги, евиденцијата и документацијата, информирањето, деловната тајна, одбраната и други прашања од значење за извршувањето на дејноста и работењето на детската градинка, во согласност со законот и актот на основање.

Член 2

(1) Детската градинка донесува и други акти со кои се уредуваат прашања од значење за работата на Детската градинка, во согласност со закон и статутот на градинката.

(2)Актите од став 1 на овој член во рамките на своите овластувања и надлежности ги донесува управниот одбор, директорот и стручниот орган на детската градинка.

Член 3

(1)Називот на детската градинка е Општинска јавна установа за деца – Детска градинка "Димче Мирчев"- Велес.

(2)Седиштето на Општинската јавна установа за деца –Детска градинка "Димче Мирчев" Велес се наоѓа на улица "Тодор Христов Офицерчето" бр.1 во Велес.

(3)Скратениот назив на Детската градинка е ОЈУДГ "Димче Мирчев"- Велес.

Член 4

(1)Детската градинка "Димче Мирчев"- Велес е основана на 09.10.1959година со Решение бр. 8067/1 од Народниот одбор на Општина Велес со кое е дадена согласност за работа.

(2)Детската градинка "Димче Мирчев" Велес со Одлука на Владата на РМ бр. 19-2487/1 од 22.06.2005 година, продолжува да работи како Општинска Детска градинка, согласно пренесените основачки права и обврски како и правото на сопственост на објектите на истата, на Општина Велес.

Член 5

Детската градинка има статус на правно лице и во правниот промет со трети лица за своите обврски одговара со сите свои средства со кои располага и со кои се користи- целосна одговорност.

Член 6

(1)Детската градинка има Статут.

(2)Статутот го донесува Управниот одбор на детската градинка.

(3)Согласност на Статутот дава Советот на Општина Велес.

Член 7

(1)Детската градинка има печат и штембил.

(2)Печатот на детската градинка го содржи името на Републиката, името и седиштето на детската градинка и е во облик на круг со пречник од 3 см, а во средината на печатот е грбот на Република Македонија.

(3)Штембилот е во правоаголна форма со пречник од 2,5х 5,5 см, со истиот текст како и печатот, со тоа што се остава место за дата и број на предметот.

Член 8

Со печатот и штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот на детската градинка.

Член 9

Промена на називот и статусни измени на детската градинка се вршат во согласност со Законот.

II. Организација и содржина на дејноста

Член 10

(1)Дејност на детската градинка е згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

(2) Детската градинка може да обезбеди престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

(3)Дејноста згрижување се обезбедува и остварува во Детската градинка преку: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитување, образование, спортско-рекреативни и културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

(4)Детската градинка според времетраењето остварува програма за :

- целодневен престој,

-полудневен престој,

-скратена програма,

-пилот програма и

- вонинституционлани форми на активности со деца.

Член 11

(1)Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година.

(2)Ако во детската градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца.

(3)Составот и начинот на работа на комисијатакако и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со советот на општината.

(4)Комисијата ја именува директорот.

(5)По жалба против решението на комисијата решава градоначалникот на општината.

(6)Родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

(7)Правата и обврските на градинката и корисниците на услугите се уредуваат со договор, со кој особено се регулираат меѓусебните односи на давателот и корисникот на услугата, квалитетот на услугата, начинот на плаќањето, изборот на програмата, должината на престојот на детето во установата и други прашања во поглед на заштита на детето и дејноста на градинката.

Член 12

Во состав на детската градинка може да се формира и советувалиште за деца и родители.Поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето ги пропишува министерот.

Член 13

(1)Организацијата и содржината на дејноста се остварува преку програми.

(2)Воспитно-образовната работа во јавна детска градинка се изведува според Програма за рано учење и развој базирана врз Стандардите за рано учење и развој, која ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот.

(3)Во детската градинка се организираат и други институционални активности за задоволување на специфичните интереси и потреби на децата во насока на јакнење на личноста на детето со развивање на неговите телесни, интелектуални, културни и други способности, кои се остваруваат со посебни програми кои ги донесува директорот на детската градинка по предлог на стучниот тим, а ги одборува управниот одбор на градинката.

Член 14

(1)Згрижувањето и воспитувањето на децата во детската градинка се остварува по правило во хомогени групи, во зависност од возраста на децата и тоа

До 12 месеци	Од 6 до 8 деца
Над 12 месеци до 18 месеци	Од 8 до 10 деца
Над 18 месеци до 2 години	Од 10 до 12 деца
Над 2 години до 3 години	Од 12 до 15 деца
Над 3 години до 4 години	Од 15 до 18 деца
Над 4 години до 5 години	Од 18 до 20 деца
Над 5 години до 6 години	Од 20 до 25 деца

(2)По исклучок од ставот 1 на овој член, во зависност од возраста на децата, може да се организира

1. Хетерогена група

До 2 години	Од 10 до 12 деца
Од 2 години до поаѓање во училиште	Од 18 до 20 деца

2. Комбинирана група

Од 12 месеци до поаѓање во училиште од 15 до 20 деца

3. Група на деца со пречки во развојот од 5 до 8 деца
4. Група на деца од 6 години, односно од поаѓање во училиште до 10 години од 20 до 30 деца

(3)Во групите може да се вклучи едно најмногу две деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за 2 деца.

(4) По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејност, во детската градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од

бројот на деца утврден во (2) и (3) на овој член за што согласност дава основачаот на установата.

Член 15

Во детската градинка активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Член 16

(1)Детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на децата, соработува со установи надлежни за здравствена заштита на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

(2)Детската градинка има обврска во случај на појава на нарушување на нормалнатаздравствена состојба да го извести родителот на детето, а во случај на поголем број на заболени деца, веднаш да ги извести надлежната здравствена установа и Министерството за труд и социјална политика како и основачот.

Член 17

(1)Детската градинка донесува годишна програма за работа најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

(2)Годишната програма за работа содржи организација и работно време на детската градинка, програмите на детската градинка, распоредување на децата во групи, работата на директорот и стручните работници, соработка со родителите, соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации и здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Член 18

(1) Детската градинка има развоен план.

(2) Развојниот план на детската градинка е стратешки план за развој кој ги содржи приоритетите за остварување на дејноста на детската градинка за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, планот и носителите на активности.

(3) Развојниот план го изработува органот на раководење за период од три до пет години, а го усвојува Управниот одбор.

(4) Индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Член 19

(1)Детската градинка според времетраењето остварува програми за

- Целодневен престој
- Полудневен престој
- Скратени програми
- Пилот програми

- Програми за продолжен престој
- Вонинституционални форми.

(2)Детската градинка може да остварува и програма за продолжен престој на деца според потребите и работното време на корисниците на овие услуги.

(3)Програмите за целодневен престој траат од 9 до 11 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне, целодневно или наизменично.

(4)Програмите за полудневен престој траат од 4 до 6 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне или наизменично.

(5)Скратените програми траат од 240 до 600 часа годишно.

(6)Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој сенаменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаатзгрижување и воспитување на децата.

(7)Скратените програми се наменети за деца од недоволно развиени подрачја иридско-планински и погранични региони и населени места со наталитет понизок од половината од просечниот наталитет во Република Македонија, на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата.Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување.

(8)Вонинституционални активности - тоа се кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста,спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште - се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

(9)Пилот-програми - се програми со посебни педагошки принципи кои се изведуваат во детската градинка по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

.

Член 20

(1)Работното време на вработените во детската градинка изнесува 40 часа неделно.

(2) Работното време на воспитувачките и негувателките заради природата на работата се распределува на, работно време поминато со деца и останато работно време за други програмски активности.

(3)Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности, во рамките на полното работно време од ставот (1) на овој член за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата.

III. Организациона поставеност

Член 21

(1) Детската градинка дејноста ја обавува во 6 организациони облици и тоа:

- Објект I "Маргаритки "- ул. „Трајко Панов" бр. 15.
- Објект II "Сонце"- ул. „Тодор Христов Офицерчето" бр.1 .
- Објект III"Детелинки "-ул. „Тодор Јанев" бр.7
- Објект IV"Дизни"- ул. „Благој Ѓорев" бр. 215
- Објект V"Ѕвездички"- ул. „Архиепископ Михаил " бр.158
- Објект VI "Ѕвончица "- ул. „Коле Цветков" бр.6

(2) Детската градинка врши дејност и во други просторни услови во Општина Градско, врз основа на Одлука за основање на група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општиина Градско бр. 07-7796/4 од 15.11.2013год.

IV. Органи на детската градинка

1. Органнауправување

Управенодбор

Член 22

Орган на управување во детската градинка е Управен одбор.

Член 23

(1)Управниот одбор на детската градинка е составен од седум члена и тоа

- тројца претставници од основачот
- еден претставник од установата (детската градинка)
- двајца претставници од родителите на децата
- еден претставник од Министерството за труд и социјална политика.

(2)Претставниците на основачот ги именува и разрешува Советот на општината.

(3)Претставникот на установата го предлага Стручниот совет на установата, врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува советот.

(3)Претставниците од родителите на децата ги предлага советот на родители, а ги именува и разрешува основачот.

(4)Претставникот од министерството го предлага министерот, а го именува и разрешува основачот.

Член 24

(1)Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

(2)Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува да тече со денот на неговото конституирање.

(3)Конститутивната седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател, со Управниот одбор претседава неговиот најстар член.

(4)Управниот одбор донесува одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

(5)Начинот на работа на управниот одбор се уредува со статут.

Член 25

Управниот Одбор на детската градинка ги врши следниве работи:

- донесува Статут на детската градинка,
- предлага годишна програма и извештај за работа до Советот на општината,
- предлага финансиски план до советот на општината,
- предлага годишна сметка до советот на општината,
- објавува јавен оглас за избор на директор на јавната детска градинка;
- формира тричлена комисија која ги прегледува документите пристигнати од кандидатите за директор,
- врши интервју со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општинатаеден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за изборна директор,
- донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата на кој согласност дава советот на општината,
- одлучува по приговори и жалби на вработените,
- одлучува по жалби на корисниците на услугите,
- донесува акт за плати и надоместоци,
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор,
- донесува одлука за утврдување на составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца во согласност со Советот на општината,
- формира постојани и повремени комисии за определени прашања поврзани со работењето на детската градинка,
- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со закон.

Член 26

(1)Со Управниот одбор претседава претседателот на Управниот одбор, а во случај на спреченост или отсутност го заменува негов заменик.

(2)Претседателот и неговиот заменик се избираат по предлог на членовите на Управниот одбор со јавно гласањеи со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3)Гласањето за претседател на Управниот одбор и за неговиот заменик е поединечно.

(4)Претседателот на Управниот одборги закажува седниците и раководи со истите согласно утврдениот дневен ред.

(5)Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови во одборот.

Член 27

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот на Управниот одбор по сопствена иницијатива, по барање од најмалку четири члена на Управниот одбор или на иницијатива на директорот на детската градинка.

Член 28

(1)Мандатот на членовите на управниот одбор може да му престане пред истекот на времето за кое е именуван ако биде разрешен од органот кој го именувал.

(2)Член на Управниот одбор се разрешува пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи

- нередовност или спреченост да учествува во работата на Управниот одбор,
- ако престанал основот за именување,
- ако работи спротивно на Статутот, Законот и другите акти на детската градинка и
- на лично барање.

(3)Управниот одбор поднесува иницијатива за разрешување до органот кој ги именувал членовите на Управниот одбор за случаите утврдени во став 2 од овој член.

Член 29

Одлука за отпочнување на постапка за именување претставници во Управниот одбор на детската градинка се донесува најдоцна 30 дена пред истекот на времето за кое се именувани претставниците на Управниот одбор.

Член 30

Именувањето на претставникот од детската градинка во Управниот одбор, Стручниот совет го врши на предлог на членовите на Стручниот совет со јавно гласање, со мнозинство гласови.

Член 31

(1)Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловник за работа на Управниот одбор.

(2)Во работата на Управниот одбор на детската градинка учествува и директорот без право на глас.

2. Органнараководење

Директор

Член 32

(1)Со детската градинка раководи директорот на установата.

(2)Директорот на детската градинка ја претставува и застапува детската градинка пред трети лица.

(3)Во случај на негова спреченост или отсутност, детската градинка ќе ја застапува и претставува лице што тој ќе го овласти.

Член 33

(1)За директор на детската градинка може да биде именувано, односно избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е физички и психички здрав,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и
- да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.
- со завршено високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1) и минимум 5 (пет) години работно искуство по дипломирањето и поседува важечка лиценца за директор на детска градинка.

(2)Кандидатот за директор на детската градинка задолжително доставува и програма за работа на јавната установа.

(3)Директорот се именува врз основа на јавен оглас.

(4)Јавниот оглас се распишува најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на директорот на детската градинка.

(5)Директорот на детската градинка го избира и разрешува градоначалникот на општината.

(6)Директорот на јавната установа за деца се избира, односно именува за време од четири години.

(7)По истекот на рокот за кој е именуван истото лице има право на уште еден мандат едноподруго, а можност за повторен избор, односно именување

истото лице има по истекот на четири години од неговиот последниот избор, односно именување.

Член 34

(1)Градоначалникот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

(2) Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(3) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до управниот одбор.

(4) Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од управниот одбор чиј состав и надлежност се утврдува со статутот на јавната установа.

(5) Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

(6) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

(7) Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите во овој статут.

(8) Управниот одбор врши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите

(9) Управниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

(10) Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

(11) Доколку градоначалникот во рокот утврден во ставот (10) на овој член не избере директор е должен во рок од три дена да го извести управниот одбор.

(12) Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

(13) Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од управниот одбор.

(14) Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(15) Против одлуката на Комисијата од ставот (14) на овој член кандидатот има право да поведе управен спор.

Член 35

(1)Директорот на детската градинка ја организира и раководи со работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата.

(2) Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот (1) на овој член директорот:

- ја предлага предлог-годишната програма за работа на управниот одбор и презема мерки за реализирање на годишната програма за работа,
- ги извршува одлуките на управниот одбор,
- одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на установата и колективниот договор,
- врши распоредување на работници,
- поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот,
- поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор, основачот и министерството,
- поднесува извештај за реализација на материјално-финансиското работење на установата до управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење,
- поднесува извештај за реализација на програмите до управниот одбор, основачот и министерството
- формира постојани и повремени комисии за одредени прашања
- именува Комисија за прием на деца
- склучува договори согласно со Законот
- одобрува отсуства на работниците, донесува решенија согласно Закон, Статут, општите акти и Колективниот договор.
- определува замена на ненадејно отсутен работник
- раководи со Стручниот совет на установата
- врши други работи предвидени со закон, статут и други акти на установата.

Член 36

Директорот на јавна установа за деца може да биде разрешен:

- на лично барање,
- ако не го спроведува законот и општите акти донесени согласно со закон,
- ако не ја остварува годишната програма за работа на установата,
- ако по негова вина е нанесена штета на децата, на нивните родители или старатели, на установата, на основачот или на државата,
- ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на установата,
- ако дозволи организирање на дејноста спротивно на закон, општите акти донесени согласно со закон и годишната програма за работа
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон, и
- во други случаи утврдени со закон.

Член 37

(1) Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 35 алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 Управниот одбор на установата свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

(2) Директорот има право во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

(3) Доколку управниот одбор на установата од ставот (1) на овој член не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од научна или специјализирана стручна установа, односно стручен или друг орган кој го определува министерот во зависност од видот на постапувањата од членот 35 алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 врши ислушување на директорот. Претставникот дава мислење за оправданоста за разрешување на директорот.

(4) Доколку управниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот.

(5) Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот од управниот одбор да го разреши директорот.

(6) Разрешениот директор, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Против одлуката на Комисијата од ставот (6) на овој член, разрешениот директор има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 38

Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување нанов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Член 39

Доколку директорот е разрешен по основ на постапувањата наведени во членот 35 алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој Статут, на директорот му престанува работниот однос.

3. Стручниорган

Струченсовет

Член 40

(1) Стручен орган во јавна установа за деца е стручен совет.

(2) Стручниот совет го сочинуваат вработени кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот.

(3) Со стручниот совет раководи директорот.

(4) Стручниот совет:

- утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа,
- дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа,
- именува и разрешува претставник на јавната установа за деца во управниот одбор на јавната установа за деца од редот на вработените кои вршат стручни работи и
- врши и други работи утврдени со статутот.

(5) Во јавната установа за деца може да се формираат и други стручни тела утврдени со статутот на установата.

4. Органзавршењенавнатрешнаконтрола

Одбор *за* надзор

Член 41

За вршење на внатрешна контрола на работењето на установите за деца основачот формира орган за надзор.

Член 42

(1) Органот за надзор го сочинуваат три члена кои ги именува и разрешува Советот на општината.

(2) Членовите на органот за надзор се избираат со мандат во траење од четири години.

(3) За членови на органот за надзор можат да бидат именувани лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаење и искуство од дејноста на установата.

(4) Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи претседателот, кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

(5) Органот за надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 43

Органот за надзор врши контрола на материјално-финансиското работење на детската градинка, користењето и располагањето на средствата на установата и за наодите доставува извештај до основачот, министерството, управниот одбор и директорот на установата.

5. Другиорган

Советнародители

Член 44

Во детската градинка се формира Совет на родители кои го сочинуваат претставници на родителите чии деца престојуваат во детската градинка.

Советот на родителите брои седум члена, два члена од централниот објект (најголем објект) и по еден член од другите објекти.

Претсавниците во Советот на родители се избираат од родителите на родителски средби.

Кога членот на Советот на родители ќе престане да биде родител на дете кое е запишано во детската градинка, се избира друг родител како претставник на Советот.

Член 45

Советот на родители од своите членови именува два претставника во Управниот одбор со мнозинство гласови.

Со Советот на родители раководи претседател кој го избираат членовите на Советот со јавно гласање од своите редови, со мнозинство гласови.

До изборот на претседател со Советот раководи најстариот член.

Член 46

(1)Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварувањето на дејноста на детската градинка.

(2)Советот на родители особено се ангажира во давање помош за реализирање на зацртаните активности во програмите за работа со децата.

(3)Советот на родители се ангажирани и во изнаоѓање средства од фондации, подароци и средства по основ на солидарност во пари и натура, со цел за подобрување на условите за престој и работа на децата.

Член 47

Советот на родители за реализација на средствата од член 46 став 3 на овој Статут, кои се строго наменски, во секое време може да побара извештај од директорот на детската градинка или ид Управниот одбор.

V. Вработени во детска градинка

Член 48

(1) Во детската градинка работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор:

- административни службеници,
- даватели на јавни услуги во јавните установи за деца и
- помошно-технички лица.

(2)Вработените во јавните установи за деца кои вршат работи од административна

природа имаат статус на административни службеници.

(3)За вработените од ставот (2) на овој член категориите, нивоата и звањата се

утврдуваат согласно со Законот за административните службеници.

(4) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во јавните установи за деца се применуваат одредбите од Законот за административнитеслужбеници.

(5) Вработените во јавните установи за деца, кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал.

(6)За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и други прашања во врска со работниот однос на помошно-техничкиот персонал во јавните установи за деца, се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(7) За вработените од ставот 1 алинеа 2 на овој член се утврдуваат следниве категории на

работни места:

- категорија А - стручни работници,
- категорија Б - стручни соработници,
- категорија В - воспитувачи,
- категорија Г - негователи, и
- категорија Д - неговател /помошник - воспитувач.“

Член 49

(1) За пополнување на слободно работно место во детската градинка, директорот на установата донесува одлука за потреба од вработување.

Член 50

(1) Во Правилникот за организацијата и систематизација на работата во Општинската јавна установа за деца – Детска градинка – "Димче Мирчев" – Велес, подетално е утврдена систематизација на работата на сите работници кои работат во неа, опис на работите за секое работно место, условите што треба секој работник да ги исполнува за вршење на работите за секое работно место, како и бројот на вработените за извршување на определените работи по работни места.

VI. Финансирање

Член 51

(1)Детската градинка стекнува средства за финансирање од Буџетот на Република Македонија и од Буџетот на Општината согласно со одредбите од законот.

(2)Средствата од Буџетот на Република Македонија за финансирање на детската градинка се обезбедуваат на начин и постапка утврдени со закон, а средствата од Буџетот на Општината врз основа на развојната програма за заштита на децата на општината на начин и постапка утврдени со закон.

(3) Средствата од Буџетот на република Македонија се распределуваат на општината по пат на блок дотации согласно со закон.

Член 52

(1)Детската градинка може да стекнува средства за финансирање и од: донации, подароци, легати, завештанија, средства по основ на солидарност и други извори во согласност со законот.

(2)Со средствата стекнати од легати од став 1 на овој член располага според намената на давателот.

Член 53

(1)Детската градинка може да обезбедува средства и од: корисниците на услугите, продажба на сопствени производи и услуги, како и од други извори согласно закон.

(2)Детската градинка може да остварува средства и по основ на вршење вонинституционални облици, односно со вршење на услуги од повисок квалитет од утврдениот со стандардите и нормативите утврдени според законот, при што разликата во цената на услугите паѓа на товар на родителот-корисник на услугата.

Член 54

(1) Јавната установа за деца со општ акт го уредува начинот на стекнување и распоредување на средствата по основ на вршење на услуги од повисок квалитет и на продажба на сопствени производи.

(2) Јавната установа за деца, средствата стекнати по основот од ставот (1) на овој член ги издвојува на посебна сметка за сопствени приходи.

(3) На актот од ставот (1) на овој член согласност дава советот на општината.

Член 55

(1)Цените на услугите што ги дава детската градинка и износот на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги, ги утврдува советот на општината на предлог на управниот одбор на детската градинка.

(2) Основа за уплата на родителите е цената на програмата во која е вклучено детето.

VII. Евиденција и документација

Член 56

(1)Во детската градинка се води евиденција и документација.

(2)Евиденција и документација се води и за правата за заштита на децата.

(3)Начинот на водење на евиденцијата и документацијата како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата ги пропишува Министерот.

(4)Во детската градинка се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно-образовните активности.

(5)Педагошката документација, ја опфаќа главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност.

(6)Педагошката евиденција опфаќа: дневник за работа на градинката, дневник за работа на воспитната група, планирање и подготвување на воспитно-образовниот процес и досие на детето и истите се водат во хартиена и во електронска форма.

(7)Педагошката документација и евиденција се води на македонски јазик со кирилско писмо.

VIII. Општи акти на детската градинка

Член 57

(1)Статутот на детската градинка е основен акт.

(2)Покрај Статутот детската градинка ги има и следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места во детската градинка,

- Колективен договор на ниво на детска градинка,

- Правилник за заштита од пожари,

- Правилник за безбедноси и здравје при работа,

- Правилник за плати и надоместоци,

- Правилник за пробна работа,

- Правилник за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на детската градинка и за евиденција на недвижните ствари восопственост на детската градинка

(3) Детската градинка може по потреба да донесе и други општи акти.

(4)Сите општи акти од ставот 2 на овој член треба да бидат во согласност со позитивните законски прописи и одредбите од овој Статут.

Член 58

(1)Статутот и другите општи акти на детската градинка, освен колективниот договор ги донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(2) За изготвување на Статутот и другите општи акти Управниот одбор може да формира комисија.

(3) Иницијатива за донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти можат да поднесат: директорот, член на Управен одбор и синдикатот.

Член 59

Постапката за измена и дополнување на Статутот е иста како и постапката за неговото донесување.

Член 60

Статутот и другите општи акти на детската градинка донесени од Управниот одбор се објавуваат на огласна табла и влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

IX. Информирање

Член 61

Работата на детската градинка и нејзините органи е јавна. Управниот орган и органот на раководење се должни да обезбедат редовно, потполно и по содржина и форма достапно известување на вработените и родителите на децата.

Член 62

Органите на детската градинка се должни да известуваат за секое прашање кое се однесува на спроведувањето на дејноста, програмите, финансиското работење и други прашањаод значење за работата на детската градинка, со објавување на поважните информации на огласните табли во објектите. Информирањето може да се врши преку издавање на весник, билтен, интернет страна и др.

Член 63

(1)Ден на детската градинка – патрон празник е 07 Април.

(2)Овој ден се организира со организирање на разни културни, спортско-рекреативни и други манифестации со децата пред родители, органи и организации, соработници и други гости.

Член 64

Детската градинка може да зема учество во активности (изложби, приредби и други манифестации) надвор од детската градинка со цел за поуспешно презентирање на дејноста во градот, Републиката и пошироко во светот.

Член 65

Во детската градинка се употребуваат прирачници и детски списанија одобрени од Министерот.

X. Деловна тајна

Член 66

(1)Заради заштита на интересите на детската градинка таа превзема мерки за чување, ракување, користење и соопштување на податоци кои се сметаат за деловна тајна.

(2) За деловна тајна се сметаат исправите и документите кои настануваат во остварувањето на дејноста на детската градинка, а чие изнесување во јавноста или соопштување на неовластени лицазаради нивната природа или значење би можеле да предизвикаат штета на детската градинка, родителите или на трети лица.

Член 67

(1)Сите податоци и документи кои се пропишани како деловна тајна задолжително имаат ознака “доверливо” или ”строго доверливо”.

(2)Обврската за чување на деловна тајна трае се додека директорот на детската градинка или органот кој ги доставил податоците не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

(3)Обврската за чување на деловната тајна трае и по престанокот на работниот однос на работникот кој бил запознаен со содржината на доверливите документи.

XI. Одбрана

Член 68

(1)Во воена состојба детската градинка продолжува со остварување на дејноста, заради што во рамките на своето редовно работење во мир, согласно Законот за одбрана и другите прописи, спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

(2)Со спроведувањето на подготовките и изработката на документитеза работа во воена состојба раководи директорот на детската градинка.

Член 69

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната детската градинка спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

XII. Имот на градинката

Член 70

(1) Детска градинка е јавна установа. Средствата за основање и работа на установата ги обезбездува основачот-општината.

(2)Кога градинката ќе престане со работа имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските и припаѓаат на основачот-општината.

XIII. Преодни и завршни одредби

Член 71

(1)Општите акти на детската градинка ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

(2)До донесувањето на општите акти, во случај кога одредбите на општите акти се спротивни на овој Статут, непосредно ќе се применуваат важечките законски прописи.

Член 72

Со денот на донесување на овој Статут престанува да важи Статутот на Општинска јавната установа за деца- детска градинка "Димче Мирчев"- Велес со број 01-78/1 од 25.07.2005 година.

Член 73

Овој Статут влегува во сила наредниот ден од неговото објавување на огласните табли во објектите на детската градинка, по добивањето согласност од Советот на Општина Велес.

дел.бр. 02-348/2 Претседател на Управен одбор

01.08.2014год.

Велес **дипл.одд.проф.Панче Бочваров**